Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006...96/2019), член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2013), член 34 став 2 и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/1998 и 21/2009), на седницата одржана на 25.05.2021 година, го усвои следното:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Кога ревизијата е изјавена поради погрешна примена на материјалното право, а притоа не е наведено која одредба од материјалното право судот не ја применил, а требало да ја примени или погрешно ја применил, Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 377 став 3 од Законот за парничната постапка не внимава по службена должност на погрешна примена на материјалното право.**

## О б р а з л о ж е н и е

Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по конкретни предмети во постапки по изјавени ревизии, заклучи дека има потреба да расправа по правното прашање, дали ревизискиот суд е должен да го цени наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право во кој не е наведено во што се состои повредата на материјалното право, ниту е наведено која одредба од материјалното право судот не ја применил, а требало да ја примени или погрешно ја применил.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање, утврди правно мислење кое произлегува од самите одредби од Законот за парничната постапка кои се однесуваат на погрешна примена на материјалното право како причина за изјавување на ревизија.

Со одредбата од член 345 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05...124/15), се определуваат случаите кога може да се смета дека материјалното право е погрешно применето во парничната постапка. Во оваа насока погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што треба да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно.

Можноста да се изјави ревизија поради погрешна примена на материјалното право, е предвидена со одредбата од член 375 став 1 точка 3 од истиот закон.

Согласно член 377 став 1 од истиот закон, во ревизијата странката треба точно да ги наведе и образложи причините поради кои е изјавена. Во согласност со ставот 3 од истиот член, ревизискиот суд ја испитува побиваната пресуда само во оној дел во кој таа се побива со ревизијата и во границите на причините кои се точно наведени во ревизијата.

Поаѓајки од содржината на членот 377 став 3 од Законот за парничната постапка, неспорно произлегува дека Врховниот суд на Република Северна Македонија не може да внимава по службена должност на погрешна примена на материјалното право при одлучувањето во постапка по ревизија без да биде точно наведено во ревизијата во што се состои погрешната примена на материјалното право. Ова од причина што со законската одредба од членот 377 став 3 од Законот за парничната постапка веќе е напуштено правилото кое го содржеше членот 372 од Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ“ 33/98), според која одредба, покрај останатото, ревизискиот суд по службена должност внимава и на погрешната примена на материјалното право.

**Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**
**Оддел за граѓански дела**